Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), **Општина Штип,** на ден 06.11.2018 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ планска програма за измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од населба „Горно Маало" дел од УЕ7, КО Штип 3, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-1142/1 од 29.12.1999г), како и Програмта за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за територијата на Општина Штип за 2018 год. (одлука за отпочнување на постапка за изработка на Измина и дополна на детален урбанистички план,Општина Штип 08-2607/3 од 3 Мај 2018 год.), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ планска програма за измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од населба „Горно Маало" дел од УЕ7, КО Штип 3, Општина Штип нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18- 3177/15
Штип

м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Благој Бочварски